# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА

Вид на ревизија: Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност

Период: 2024

Изразено мислење

Финансиски извештаи: 737, 531

Број на сметки: 2

Усогласеност: 737, 531

## Клучни утврдени состојби:

- во делот на евиденциите на залихите со кои располага Клиниката утврдивме дека не е воспоставено ажурно и навремено евидентирање на потрошокот на лекови и материјали во сметководствената и материјалната евиденција, а дел од нив биле набавувани пред склучување на договор со цел да се обезбеди непречено вршење на дејноста. Дополнително во рамки на Клиниката не е формирана Болничка аптека преку која треба да се одвива управувањето со залихите;
- во дел од спроведените постапки за јавна набавка постои несоодветна примена на Законот за јавните набавки;
- дел од побарувањата се постари од три години при што постои неизвесност за нивна идна наплата
- утврдена е разлика помеѓу пресметаната и наплатената партиципација за извршени здравствени услуги на здравствени осигуреници.

## Нагласување на прашања:

Постои несразмерен соодноc помеѓу бројот на реализирани редовни и итни прегледи и преголемата оптовареност на Клиниката. Имено 66% од вкупниот број на реализирани прегледи се извршени преку итни упати или упати без термин. Ваквата структура на упатувања укажува на значително отстапување од планираниот начин на користење на системот Мој Термин и на зголемено оптоварување на Клиниката, што може да влијае врз ефикасноста на планирањето и организацијата на работниот процес, оптималното користење на расположливите капацитети и достапноста на здравствените услуги за пациентите.

Доставени забелешки: Да — Не √

Дадени препораки: 8

Одговор на забелешки: Да — Не √

Линк до ревизорскиот извештај:

Позитивно мислење | Мислење со резерва | Неповолно мислење | Воздржување од давање на мислење